РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 08-1628/1
19-04-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на третото продолжение на четириесет и седма седница одржана на ден 13.04.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на анкетниот лист на ___________, поранешен Заменик министер за здравство СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3877/1 од 11.11.2020 година.

Предметот со број 08-3877/1 од 11.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-3877/1 од 11.11.2020 година за проверка на анкетниот лист на ___________________, поранешен Заменик министер за здравство е оформен по сопствена иницијатива, а по извршен увид во својата евиденција.

ДКСК по извршениот увид во својата евиденција констатира дека на лицето ______________, на 12.11.2019 му престанала функцијата Заменик министер за здравство и во законски предвидениот рок не поднел анкетен лист до ДКСК.

ДКСК на седница одржана на 06.11.2020 година донесе заклучок да оформи предмет и против именуваниот да иницира прекршочна постапка.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истиот го достави до лицето ______________. Истиот на ден 23.11.2020 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог и доставил доказ за извршената уплата до ДКСК заведена со број 08-3877/4 од 27.01.2021 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Н.Т-М, советник
Одобрил: Г.Т, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**